# ПРАВИЛА

## НА ДРУШТВОТО НА МАТЕМАТИЧАРИТЕ И ФИЗИЧАРИТЕ ОД НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Чл. 1.

Друштвото се вика Друштво на математичарите и физичарите од НР Македонија и е редовен член на Сојузот на друштвата на математичарите и физичарите од ФНРЈ .

Чл. 2.

Делокруг на Друштвото е на територијата на НРМ.

Чл. 3.

Седиште на Друштвото е во Скопје.

Чл. 4.

Друштвото е правно лице.

Печатот на Друштвото е тркалест со натпис: Друштво на математичарите и физичарите од НР Македонија.

### II. ЦЕЛ НА ДРУШТВОТО

Чл. 5.

Цел на Друштвото е:

1) да го помага развојот на математиката, физиката и сродните науки во НР Македонија;

2) паралелно со другите научни установи да работи на организирањето на стручната и научната работа на поширока база и да ја усклади оваа со потребите на социјалистичката изградба во ФНРЈ;

3) да им укажува помошт на републичките просветни власти при нивната работа на стручното издигнување на наставниците од средните, средни стручни и високите школи како и при решување на наставните проблеми во овие школи;

4) да воспостави и одржува тесна врска со другите друштва од Сојузот на математичарите и физичарите од ФНРЈ и да соработува со нив во прв ред во размената на публикациите;

5) да работи на популаризацијата на математиката, физиката и сродните науки, во прв ред на стварање на научна популарна литература.

Чл. 6.

Својата цел Друштвото ќе ја постигне:

1) со издавање на стручни и научни публикации;

2) со приредувања на стручни предавања, курсеви, семинари и слично;

3) со давање иницијатива за донесување на закони, уредби и други законски прописи по проблематиката наведена во член 5;

4) со учествување при изработување наставни програми, скрипта, учебници, прирачници како и при нивното оценување.

## III. ДРУШТВЕНИ СРЕДСТВА

Чл. 7.

Друштвените средства се:

1) членски влог и членарина;
2) приход од издавање на стручна литература и публикации;
3) приход од предавања и други приредби;
4) доброволни прилози и дарови и
5) републикански и сојузни субвенции.

## IV. ЧЛЕНСТВО, ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

Чл. 8.

Членовите на Друштвото се редовни и почесни.

Редовни членови можат да бидат сите оние лица што се интересираат за математика, физика или некоја сродна наука и живеат на територијата на НРМ. Примањето на членовите станува со пријавување. Пријавените кандидати ги прима Управниот одбор.

Почесни членови можат да бидат физички и правни лица што имаат извонредни заслуги за унапредувањето на математичките и физичките науки, на наставата на Универзитетот, средните и средните стручни школи како и за популаризацијата на математичките, физичките и сродните науки на територијата на НРМ. Почесните членови ги одбира општото собрание на предлог на Управниот одбор со двотретинско мнозинство од присутните членови.

Чл. 9.

Секој редовен член е должен:

1) да работи на остварување на задачите на Друштвото, формулирани со Правила на Друштвото;
2) да ги извршува одлуките на Друштвото и
3) да плаќа редовно членарина.

Почесните членови се ослободени од секакви парични задолженија.

Чл. 10.

Секој редовен и почесен член има право:

1) да се служи со библиотеката на Друштвото;
2) да дава предлози, да гласа, да расправа за сите работи на Друштвото, да бира и да биде биран;
3) да ги добива друштвените публикации.

Чл. 11.

Членството се губи со излегување од Друштвото или со исклучување. Излегувањето од Друштвото треба да се саопшти писмено на Управниот одбор.

Член што е должен членарина за една година и не ја плати по две писмени забелешки, по одлуката на Одборот се брише од членаство, а заостанатата членарина е должен да ја плати.

Кривицата на членот што ќе се огреши со нешто лошо против угледот на Друштвото или неговите битни цели Одборот ја остава на расправање на судот на честа и членот по одлуката на овој го исклучува. Против исклучување е дозволена жалба на општото собрание кое донесува конечна одлука. Сите исклучувања требе да ги потврди општото собрание.

## V. ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

Чл. 12.

Органи на Друштвото се:

1) Општо собрание,
2) Управен одбор,
3) Финансиско-контролен одбор и
4) Суд на честа.

Чл. 13.

Општите собранија се редовни и вонредни.

Редовно општо собрание сè држи еднаш годишно.

Вонредно собрание се свикува ако Управниот одбор смета дека тоа е нужно, ако тоа го бара Финансиско-контролниот одбор или најмалку една третина од членовите на Друштвото.

Општото собрание е највисок орган на Друштвото и:

1) го прима извештајот за работа на Одборот и го потврдува или отфрлува;

2) дава директиви за работата на Друштвото;

3) го одбира Управниот одбор од 11 члена;

4) го одбира Финансиско-контролниот одбор на Друштвото и прима извештај на стариот Финансиско-контролен одбор;

5) одлучува за исклучување на членови;

6) ја определува членарината;

7) дава одлуки по предлозите што се однесуваат за господарењето со имотот на Друштвото;

8) ги потврдува и изменува правилата на Друштвото.

Решенијата на Собранието се полноважни ако се присутни повеќе од половина од редовните членови. Решенијата се донесуваат со просто мнозинство. Во случај да на собранието не е присутен доволен број членови, собранието се одложува за два сата и после тоа решава полноважно.

Местото и времето на збирањето на собранието Управата ќе го разгласи на сите членови 15 дена порано заедно со дневниот ред.

Чл. 14.

Управниот одбор се состои од 11 членови, а се бира секоја година.

Членовите на Управата бираат меѓу себе претседател, потпретседател, секретар, благајник, библиотекар и одговорните по други сектори.

Управниот одбор го застапува друштвото пред Народната власт и на други места. Во Управниот одбор влегуваат и членови од внатрешноста на НРМ.

Ако членот на Управата не дојде на седница неоправдано три пати, го губи своето членство. Управниот одбор решава и заседава само ако се присутни 6 члена.

Чл. 15.

Претседателот ги раководи заседанијата на Управниот одбор и е врзан за одлуките донесени во Управниот одбор. Со секретарот ги потпишува сите актови а со благајникот сметките на Друштвото. По потреба може да го замени потпретседателот.

Секретарот ја води администрацијата на Друштвото и записникот на седниците од Одборот. Тој ја пази архивата на Друштвото.

Благајникот раководи со касата на Друштвото.

Библиотекарот ја раководи библиотеката на Друштвото и се грижи за размена на публикации.

Публикациите на Друштвото ги уредува редакционен отсек од три члена, а поставен од Управата. Редакциониот отсек треба да се управува по директивите на Управниот одбор.

Чл. 16.

Сметките на Друштвото ги прегледува Финансиската контрола од три члена. Таа е должна пред годишното собрание да изврши преглед за тековната година и да поднесе извештај на општото собрание.

Чл. 17.

Во поважните центри на НРМ Друштвото ќе има свои секции Спрема потреба Управниот одбор или општото собрание може да создаде поодделни стални или времени стручни отсеци и да им го определува нивниот состав и задачите. Раковотството на тие отсеци се поверува, ако е возможно, на еден член од Управата.

Чл. 18.

За несогласие од поширок карактер и за спорови што настанале меѓу поодделни членови одлучува судот на честа, составен од три члена. Секоја спорна страна бира по еден делегат, а претседателот го определува Управниот одбор. Судот на честа решава со обикновено мнозинство. Одлуките на судот на честа се обавезни за двете страни. Против оваа одлука незадоволната страна може да се жали на општото собрание чија што одлука е конечна.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Чл. 19.

Друштвото престанува со работа:

1) ако тоа го реши општото собрание и за тоа гласаат две трети од целокупниот број на членовите;

2) ако го распушти Народната власт.

Чл. 20.

Во случај да Друштвото прекрати со работата, со неговиот имот ќе располага Универзитетот во Скопје, а за нуждите на Математичкиот институт и Физичкиот институт се додека не се создаде во Скопје ново Друштво со истите цели. Ако такво друштво не се создаде за три години, Универзитетот во Скопје стекнува право на сопственост на имотот и го предава на Математичкиот институт и Физичкиот институт.

Чл. 21.

Измена на Правилата на Друштвото ги предлага Управниот одбор на општото собрание со писмено образложение.

Чл. 22.

Во случај на несогласие на Правилата на Друштвото на математичарите и физичарите од НРМ и Сојузот на друштвата на математичарите и физичарите од ФНРЈ важат Правилата на Сојузот.

Чл. 23.

Овие Правила*) се устроени на основачкото собрание одржано на 29 — 31 јануари 1950 годинe.

---

*) Правилата на Друштвото на математичарите и физичарите од НРМ се одобрени од Министерството на внатрешни работи на НРМ под С. бр. 9050/50.